**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03-1501/2
од 25.04.2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВИТОЛИШТЕ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 11, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат го опфаќа селото Витолиште, на подрачјето на КО Витолиште, Општина Прилеп.

С. Витолиште претставува ридско-планинско населено место, сместено помеѓу падините на Војковец од север, Гошовски рид од исток, Биглица од југо-исток и Руда од југо-запад. Витолиште се наоѓа на просечна н.м. од ~ 790 – 830 н.мв. Местоположбата на с. Витолиште е на југо источниот дел од Прилеп на 44,5 км, а пристапот е преку Регионалниот асфалтен пат Р 1107, кој продолжува низ Мариово и се движи кон исток, а потоа и кон северо исток и продплжува се до Кавадарци. Овој Регионален пат Р 1107 започнува од запад и се надоврзува на Магистралниот патен правец М5 (Прилеп – Битола) и на Р 1101 (Прилеп - Битола), а преку нив со останатите градови и населени места во РМ.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи.

Планскиот опфат за предметниот Урбанистички план за село Витолиште со разработка на блок 11, КО Витолиште, Општина Прилеп, **со површина од 50,72 ха**, е дефиниран со следните граници:

- На север границата се движи по северозападната северната граница на КП 3232 продолжува и ја сече КП 3235 и КП 3230 се до пресечната точка со КП 3394/1, продолжува по северната граница на КП 3394/1, по северната граница на КП 3394/2, по северната граница на КП 3394/3, продолжува по западната граница на КП 3430, по северозападната граница на КП 3430 се до пресечната точка КП 3226, продолжува и ја сече КП 3430, ја сече КП 5057 се до пресечната точка со КП 3209, 3208, 5074 продолжува и ја сече КП 5074 се до пресечната точка со КП 3466, продолжува по северната граница на КП 3466, по северо источната граница на КП 3466, по источната граница на КП 3466, врти по северозападната граница на КП 2423, продолжува по северозападната граница на КП 5047, по североисточната граница на КП 5047, по северната граница на КП 5047, по северозападната граница на КП 5047, ја сече КП 5047 и КП 2540 се до пресечната точка со КП 2541, продолжва по североисточната граница КП 2541, по источната граница на КП 2541, ја сече КП 2519 се до пресечната точка со КП 2542, продолжва по североисточната граница на КП 2542, врти по северната граница на КП 5054, продолжува по источната граница на КП 5054, продолжува по источната граница на КП 2707, врти по јужната граница на КП 2707 се до пресечната точка со КП 2708, продолжува по југоисточната граница

на КП 2708 се до пресечната точка со КП 2713 и КП 2715, продолжува по североисточната граница на КП 2715, по североисточната граница и југоисточната граница на КП 2720, по југоисточната граница на КП 2721 до пресечната точка со КП 2720, потоа продолжува по југоисточната граница на КП 2720, по југоисточната граница на КП 5067, врти по североисточната граница на КП 2665, ја сече КП 5092 се до пресечната точка со КП 2730 и КП2722, продолжува по источната граница на КП 2730, ја сече КП 2730 се до пресечната точка со КП 4110, продолжува по североисточната граница на КП 4110, по источната граница на КП 4110, врти по јужната граница и југозападната граница на КП 4114, врти по источната граница на КП 4085, ја сече КП 5085 се до пресечната точка со КП 4069, ја сече КП 5093 се до пресечната точка со КП 4080 продолжува по источната граница на КП 5093 за 3,40м, продолжува по источната граница на КП 4077, по југоисточната граница на КП 4077, продолжува по источната граница на КП 4429 се до пресечната точка со КП 4426 И 4425 од таму по должина од 19,55 М ја сече КП 4429, продолжува по југоисточната граница на КП 4429, по југоисточната и источната граница на КП 4440, врти по југозападната и јужната граница на КП 4440, продолжува по југоисточната граница на КП 4434, по источната граница на КП 4435, по источната граница на КП 4436, по југоисточната граница на КП 4436, врти по јужната граница на КП 4436, по јужната граница на КП 3950, ја сече КП 5082, продолжува по јужната граница на КП 3951, ја сече КП 3982, продолжува по јужната граница на КП 3925, врти по југозападната и западната граница на КП3925 се до пресечната точна со КП 3927, продолжува по јужната и југозападната граница на КП 3927, по северозападната и западната граница на КП 3927, продолжува по западната граница на КП 3930, па врти по југозападната граница на КП 3930, па продолжува по северозападната граница на КП 3930, продолжува по северозападната граница на КП 3933, по северозападната граница на КП 3936, по западната граница на КП 3937, врти по југозападната граница на КП 3938, ја сече КП 5081, продолжува по северозападната граница на КП 5081, врти југозападната и западната граница на КП 3700, продолжува по северозападната граница на КП 3700, по југозападната граница на КП 3697, по југозападната граница на КП 5093 се до пресечната точна со КП 3702, па ја сече КП 5093 се до пресечната точка со КП 3615, продолжува по југозападната граница на КП 3615, по југоисточната граница и југозападната граница на КП 3612, по југозападната граница на КП 3609, по јужната граница на КП 3602, по источната граница и југозападната граница на КП 3572, врти по југоисточната граница и југозападната граница на КП 3709/2, врти по јужната граница на КП 3572, врти по источната граница и југоисточната граница на КП 3590, продолжува по југоисточната граница и југозападната граница, повторно по југоисточната граница и југозападната граница на КП 3589 се до пресечната точна со КП 3588, ја сече КП 3572 И 5078, продолжува по југозападната граница и северозападната граница на КП 3345/1, по западната граница на КП 3345/2, 3354, продолжува по северозападната граница на КП 3355, 3356, 3357, 3358 се до пресечната точка со КП 3359, па ја сече КП 3360 и 5072, се до почетната точка на границата на опфатот КП 3232.

За конкретниот плански опфат, претходна урбанистичко планска документација е изработувана уште во 2004 год, каде со одлука на совет на општина Витолиште, заведена под бр. 07-47/2 од 09,02,2004 год е усвоен ОПШТ акт за населено место Витолиште, но истиот не е во важност.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВИТОЛИШТЕ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 11, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во спомeнатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп